# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.164 од 27.11.2013 година**

**Член 1**

Во Закон за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12 и 87/13), во членот 16 став (4) по зборовите: „по литар" се додаваат зборовите: „/степен на алкохол".

**Член 2**

Во членот 17 став (7) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „при што тековно врши усогласување на податоците и бројот на здравствени установи што се во мрежата согласно со промените во податоците и бројот на здравствените установи кои се во мрежата и истите ги објавува на веб страницата на Министерството за здравство."

**Член 3**

Во членот 301 став (4) зборовите: „посебна комисија при Министерството за здравство составена од три члена кои ги именува министерот за здравство" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен".

Ставовите (5) и (6) се бришат.

Ставот (7) станува став (5).

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а одредбата од членот 3 од овој закон ќе започне да се применува од 1 мај 2014 година.